Архивски број: 04-126/154
Датум : 19.11.2026

Врз основа на член 20 став 1 алинеја 8 од Статутот на Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола, член 23 точка 4 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/104, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25) и член 212 став 17 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23 и 192/25), а по донесено Решение од Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен под РО. бр.0904-275 од 28.10.2026 година, а во врска со Јавниот оглас бр. 01/2026, в.д. директорот на Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола ја донесе следната:

О Д Л У К А
за избор на кандидат од постапка на повторно постапување по Јавниот оглас бр.01/2026 за вработување на работно место Психолог

1.По Јавниот оглас број 01/2026 за вработување на неопределено време на 13 (тринаесет) извршители во Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола, објавен во дневните весници "Нова Македонија" и "Коха", за работното место под реден број 1. **Психолог**, шифра на работно место СОЗ0303А04010, звање на работно место Самостоен стручен службеник во УСЗ-психолог во Служба за социјална, педагошко-воспитна и психолошка дејност, Оддел- Центар за поддршка на згрижувачки семејства во Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола од предложената ранг- листа од постапка на повторно постапување **се избира кандидатот Јасна Димитровска**.

2.Избраниот кандидат од точката 1 на оваа одлука ќе заснова работен однос во Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола со потпишување на Договор за вработување, по конечноста на Одлуката за избор.

3.Одлуката за избор ќе биде објавена на огласна табла на установата и на веб страницата на установата (domazadoencinjabitola.mk).

4.Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на член 212 став 1 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23 и 192/25) и член 8 став 1 од Колективниот договор за социјална заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 249/19 и бр. 203/23), а согласно Правилникот за систематизација на работните места во Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола бр.01-327/1 од 03.07.2019 година, негови

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола
Ул. „Младински Бригади„ бр2 Битола Република Северна Македонија
+389 047 253 339 /+389 047 254 339 /071 291 473
https://domazadoencinjabitola.mk
juddmd-bt@mtsp.gov.mk
judomzadoencinja@yahoo.com

измени и дополнувања бр. 01-594/1 од 31.12.2019 година, бр. 01-117/3 од 11.05.2023 година, бр. 01-150/1 од 08.05.2025 година и Известувањето за обезбедени финансиски средства бр.19-3674/2 од 01.07.2026 година на Министерството за финансии, в.д. директорот на установата донесе Одлука за потреба од вработување на 13 (тринаесет) извршители за пополнување на слободни работни места во Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола бр. 04-126/4 од 14.08.2026 година. Во одлуката за потреба од вработување, во тие 13 (тринаесет) извршители спаѓа 1 извршител на работното место Психолог, звање на работно место Самостоен стручен службеник во УСЗ-психолог во Служба за социјална, педагошко-воспитна и психолошка дејност, Оддел- Центар за поддршка на згрижувачки семејства.

Во дневните весници "Нова Македонија" и "Коха" беше објавен Јавен оглас бр.01/2026 за вработување на неопределено време на 13 (тринаесет) извршители во Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола и тоа ден 17.08.2026 година и траеше три работни дена, сметано од денот на објавувањето на огласот во дневниот печат.

Како дел од работните места за кои се објави јавниот оглас беше и работното место Психолог, звање на работно место Самостоен стручен службеник во УСЗ-психолог во Служба за социјална, педагошко-воспитна и психолошка дејност, Оддел- Центар за поддршка на згрижувачки семејства, за еден извршител.

Со Решение број 04-126/17 од 18.08.2026 година, формирана е Комисија за селекција за вработување за спроведување на постапката за вработување по објавениот оглас која се состои од две фази:
-административна селекција која се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување и приложените докази во пријавата и
-интервју со кандидатите за вработување.

Во Записникот од спроведената административна селекција бр.04-126/29 од 24.08.2026 година, утврдено е дека се пристигнати две пријави за вработување на работно место Психолог кои ги исполнуваат општите и посебните услови од Јавниот оглас и истите се поканети на интервју на ден 25.08.2026 година. По завршувањето на интервјуто, Комисијата состави Записник од спроведеното интервју бр. 04-126/30 од 25.08.2026 година и Ранг-листа на кандидати за работно место Психолог бр.04-126/31 од 25.08.2026 година и истите ги достави до в.д. директорот, да изврши избор.

Со Одлука број 04-126/34 од 26.08.2026 година в.д. директорот на установата изврши избор на 1 (еден) извршител на неопределено време за работно место Психолог по Јавниот оглас 01/2026. Против одлуката поднесена е жалба од страна на еден од кандидатите кои конкурираше на јавниот оглас за ова работно место и истата е уважена од Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен со Решение под РО. бр.0904-275 од 28.10.2026 година, со кое Одлуката за избор на 1 (еден) извршител на неопределено време за работно место Психолог по пат на јавен оглас број 04-126/34 од 26.08.2026 година, донесена на в.д. директорот на установата се поништува и постапката по предметот се враќа на првостепениот орган на повторно постапување и одлучување.

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола
Ул. „Младински Бригади„ бр2 Битола Република Северна Македонија
+389 047 253 339 /+389 047 254 339 /071 291 473
https://domazadoencinjabitola.mk
juddmd-bt@mtsp.gov.mk
judomzadoencinja@yahoo.com

Согласно забелешките дадени во Решението на второстепениот орган, постапката по предметот се враќа на првостепениот орган на повторно постапување и одлучување во двете фази од постапката за селекција за вработување - административна селекција и интервју.

Комисијата за селекција за вработување на ден 13.11.2026 година повторно спроведе административна селекција за што изготви Записник бр.04-126/151 од 16.11.2026 година. Во повторената административна селекција, Комисијата постапувајќи по забелешката од Решението на Државната комисија во однос на утврдувањето за исполнување на посебниот услов - стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен -Психологија и најмалку две години работно искуство од страна на кандидатите, по увидот на доказите доставени од кандидатите, констаира дека и двата кандидати кои конкурираа па јавниот оглас за работното место Психолог го исполнуваат овој услов. Комисијата повторно ги разгледа и останатите докази со кои двата кандидати конкурираа и констатира дека истите ги исполнуваат општите и посебните услови од јавниот оглас и продолжуваат во следната фаза на селекција-интервју.

Комисијата за селекција за вработување на ден 17.11.2026 година повторно спроведе интервју- втората фаза од постапката за селекција за вработување со двата кандидати кои ја поминаа административната селекција -првата фаза од постапката за селекција за вработување, за што изготви Записник бр.04-126/152 од 17.11.2026 година. Во повтореното интервју, а постапувајќи по забелешките од Решението на Државната комисија, Комисијата изврши оценување со бодување на дадените одговори на двата кандидати на поставените прашања кои носеа определен број на бодови. Оценувањето се вршеше врз основа на критериумите - мотивираност, комуникациски вештини, стручност и познавање на делокругот на работа.

По спроведените фази, Комисијата за селекција за вработување состави Ранг-листа на кандидати за вработување на работно место Психолог од постапка на повторно постапување по Јавен оглас број 01/2026 бр. 04-126/153 од 17.11.2026 година, каде му го предлага прворангираниот кандидат на в.д. директорот.

Согласно Записникот од спроведена повторена административна селекција бр.04-126/151 од 16.11.2026 година, Записникот од спроведено повторено интервју бр. 04-126/152 од 17.11.2026 година и Ранг-листа на кандидати за вработување на работно место Психолог од постапка на повторно постапување по Јавен оглас број 01/2026 бр.04-126/153 од 17.11.2026 година од Комисијата за селекција за вработување, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Горенаведениот кандидат ќе заснива работен однос на неопределено време во Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола, по конечноста на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука кандидатот може да изјави жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од осум дена од денот на приемот на истата.

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола
Ул. „Младински Бригади„ бр2 Битола
Република Северна Македонија
+389 047 253 339 /+389 047 254 339 /071 291 473
https://domazadoencinjabitola.mk
juddmd-bt@mtsp.gov.mk
judomzadoencinja@yahoo.com

- ЈАВНА УСТАНОВА ДОМ ЗА ДОЕНЧИЊА И МАЛИ ДЕЦА-БИТОЛА -

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола
В.д. директор,
Биљана Анастасова

Доставено до:
-Архива
-Кандидати

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола
Ул. „Младински Бригади„ бр2 Битола Република Северна Македонија
+389 047 253 339 /+389 047 254 339 /071 291 473
https://domzadoenciinjabitola.mk
juddmd-bt@mtsp.gov.mk
judomzadoencinja@yahoo.com